Република Северна Македонија
**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**

Сектор за правни работи
Sektori për çështje juridike

**Архивски број: 15-4336/2**
**Скопје, 04-09-2020 2020 година**

**До:**

Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

На ден 19.08.2020 година, заведено под број 15-4336/1 во Министерството за економија пристигна вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, во кое се бараат следните информации:

„Колку вкупно средства се потрошени/распределни помеѓу граѓание преку ваучерот за домашен туризам „Дома си е дома" заклучно со 31 јули 2020 година? Напомена: вкупниот изност поделете го по пол и општина„.

По однос на Вашето барање, Министерството за економија ве известува за следното:

Проектот за издавање на Ваучери за туризам Министерството за економија го спроведува согласно Уредбата со законска сила за издавање на ваучери за туризам на вработени лица со низок доход заради поттикнување на домашниот туризам за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" број 141/20).
Согласно член 3 од Уредбата Листа на корисници на ваучери за туризам изготвува Управата за јавни приходи и ја доставува до Генералниот Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија Листата од ставот (1) на овој член ја доставува до Министерство за економија во рок од еден ден од рокот во ставот (1) на овој член со следните податоци: име и презиме, ЕМБГ, адреса на живеење и емаил адреса.

Имајќи го предвид горенаведеното, Министерството за економија Листата на лица кои добиле Ваучери за туризам добиена од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија ја поставува во платформата „Дома си е дома„ и врз основа на таа листа се издаваат Ваучери за туризам.

Република Северна Македонија
**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**

Сектор за правни работи
Sektori për çështje juridike

Во согласност со обезбедените средства од Владата на Република Северна Македонија се одобрени 117000 Ваучери за туризам на лицата кои ги исполнуваат следните критериуми:

- Вработени лица со нето плата до 15.000 ден месечно
- Лица кои се во работен однос и кои за периодот јануари-април 2020 година оствариле доход само по основ на плата и надоместоци на плата во нето износ не поголем од 60.000 денари на ниво на полно работно време, според евиденцијата на Управата за јавни приходи.

Ваучерите за туризам на граѓаните кои ги исполнуваат условите им се доставува електронски на меил адреса пријавена во евиденцијата на Управата за јавни приходи. Секое лице може да го искористи ваучерот во некој од објектите за сместување кои се регистрирани на платформата.

Она што сакаме да потенцираме е дека секое лице е должно да го даде ваучерот во некој од објектите за сместување во моментот на користење на услугата (за што Министерството за економија преку платформата има online детален увид), а по искористување на истиот угостителскиот објект доставува фактура до Министерство за економија по што ќе следи исплата на средства во висина на износот на ваучерот (6000 денари).

Од прегледот во нашата евиденција до 31.08.2020 година од вкупно одобрени 117000 искористени се 24800 ваучери. Рокот за искористување на ваучерите е до 15.12.2020 година.

Од причина што Министерство за економија не води никаква евиденција за граѓаните и не располага со податоци во однос на нивниот статус на вработени или невработени лица и нема евиденција за финансиски показатели и трансакциските сметки на лицата, не сме во можност да одговориме на вашето прашање за тоа колку средства се распределени по пол и по општини.

**Со почит,**

**Kreshnik Bekteshi**
**МИНИСТЕР**
**MINISTËR**

Изработил/Përpiloi: Верица Поп Ѓорчева, Verica Pop Gjorcheva
Контролирал/Kontrolloi: Елисавета Миновска, Elisaveta Minovska
Одобрил/ Aprovoi: Билјана Мицковски, Biljana Mickovska
Fatmire Hoxha, Фатмире Хоџа
Согласен/Miratoi: Зоран Павловски, Zoran Pavllovski